**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 154 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-5903/2 од 04.12.2014 година донесен на 20-та седница одржана на 04.12.2014 година, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## ЗА ЗАМЕНА НА ПОСТОЈНИТЕ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ СО НОВИ ДОЗВОЛИ ЗА ТЕЛЕВИЗИСКО ИЛИ РАДИО ЕМИТУВАЊЕ

1. Се повикуваат сите трговски радиодифузни друштва и непрофитни радиодифузни установи кои поседуваат дозвола за вршење радиодифузна дејност издадена согласно Законот за радиодифузната дејност, да ја заменат со нова дозвола за телевизиско или радио емитување во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. За замена на постојната дозвола со нова дозвола се поднесува Пријава на посебен образец, чија форма и содржина ја пропишува Агенцијата.
Пријавата[1] може да се преземе од веб страницата на Агенцијата: www.avmu.mk од банерот „Замена на дозволите за вршење радиодифузна дејност" или да се подигне од архивата на Агенцијата.

3. Пријавата со придружната документација се поднесува до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 1 (еден) примерок, најдоцна до 15 декември 2014 година, и тоа: во архивата на Агенцијата или на поштенска адреса: бул.„ВМРО" бр.3 1000 Скопје – Центар, со назнака „Пријава за замена на постојната дозвола за вршење на радиодифузна дејност со нова дозвола за телевизиско или радио емитување".

4. Пријавите кои ќе бидат поднесени по истекот на утврдениот рок, нема да бидат разгледувани.

5. Со издавањето на новите дозволи за телевизиско или радио емитување во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата, на трговските радиодифузни друштва и непрофитни радиодифузни установи, ќе им издаде и фактури за плаќање на годишниот надоместок за дозволата.
При пресметувањето на износот на надоместокот за новата дозвола за телевизиско или радио емитување, Агенцијата ќе го одбие платениот износ по претходно издадените фактури, за оној временски период којшто се преклопува со периодот наведен во новите фактури.

6. Во функција на правилно пополнување на пријавите за замена на постојните дозволи со нови Агенцијата ќе одржи јавен состанок на ден 10.12.2014 година, со почеток во 11 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.
Дополнителни информации, во врска со процесот на замена на дозволите, радиодифузерите може да добијат од следниве лица:
- за програмскиот концепт: м-р Емилија Петреска – Камењарова тел: 02/3103-428; м-р Виктор Шиков тел: 02/3103-427; Рубин Талески тел: 02/3103-426;
- за сопственичката структура и кадровските услови: м-р Магдалена Давидовска Довлева тел: 02/3103-431;

[1] Пријавата со придружната документација може да се испрати за проверка на следната електронска адреса: dozvola@avmu.mk, најдоцна до 12.12.2014 година.

- за техничките и просторните услови: м-р Арбен Саити тел: 02/3103-417, Арѓенд Целили тел: 02/3103-407;
- за финансиските услови: Горан Радуновиќ 02/3103-433; Весна Симоновска 02/3103-437
- за општи податоци и правни прашања: Цветанка Митревска тел: 02/3103-415; м-р Ивона Муфишева Алексовска тел: 02/3103-413;.

**Бр. 08-5978/1**
**од 04.12.2014 година**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор на Агенцијата,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**